Врз основа на член 23 став 4 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 139/09, 149/09, 50/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/19, 267/20 и 151/21) и член 50 став 13 и 14 од Законот за локалната самоуправа, а во врска со објавениот оглас бр.01/2021 (со 04-2889/2 од 20.07.2021 година),

Градоначалникот на Општина Велес ја донесе следната:

# ОДЛУКА

за избор на кандидат по Јавен оглас за вработување на неопределено време

1. Градоначалникот на Општина Велес, по спроведената постапка по Јавниот оглас бр.01/2021 (со арх.бр.04-2889/2 од 20.07.2021 година) за прием на работници во работен однос на неопределено време на работно место-Возач на Градоначалникот, ниво А2, шифра УПР 04 03 А02 001– 1 (еден) извршител, а изврши избор на следниот кандидат:

   - Владо Димов

2. Врз основа на одлуката за избор со избраниот кандидадат наведен во точка 1 од оваа Одлука, ќе се склучи договор за вработување на неопределено време, по конечноста на оваа Одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Велес на ден 21.07.2021 година објави Јавен оглас бр.01/2021 (со арх.бр. 04-2889/2 од 20.07.2021 година) за прием на работници во работен однос на неопределено време на работно место - Возач на Градоначалникот, ниво А2, шифра УПР 0403 А02 001–1(еден) извршител, утврдено со актот/систематизацијата на работните места на Општина Велес. На јавниот оглас се јави 1 (еден) кандидат.

Комисијата за селекција, формирана од Градоначалникот на Општина Велес, ги прегледа пристигнатите пријави и документи и изврши проверка на истите. Од извршената проверка, Комисијата ја спроведе постапката по пристигнатите пријави по огласот и до Градоначалникот на Општина Велес достави Записник со ранг-листа за вршење на избор на кандидат од негова страна.

Врз основа на горе наведеното, а согласно член 23 став 4 од Законот за работни односи и член 50 став 13 и 14 од Законот за локалната самоуправа, Градоначалникот изврши избор на еден кандидат и донесе одлука како во диспозитивот.

**Правна поука**: Против оваа одлука незадоволната страна има право на приговор до Градоначалникот на Општина Велес во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на страната на Општина Велес.

Број.08-2889/18
05.08.2021 година
Доставено до:
-Одд. за човечки ресурси
-Списи и архива

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски